Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

\- Сектор за буџети и фондови –

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
23 -11- 2020
43-8946/3

Архивски број: 08-6004/2
Датум: 20 -11- 2020

До: Влада на Република Северна Македонија

Предмет: Мислење
Врска: Допис на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, бр.43-8946/1 од 28.09.2020 година

Почитувани,

Во врска со дописот на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија доставен под горенаведениот број и датум, со кој се доставува Предлог – иницијативата на Фондацијата отворено општество - Македонија по однос на Годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, Министерството за финансии го дава следното мислење:

Со Предлог – иницијативата, Фондацијата отворено општество - Македонија предлага реформирање на системот на државно финансирање на граѓанските организации преку подобрување на процедурите на планирање, доделување и известување во државното финансирање, воспоставување на унифициран начин на планирање на средствата предвидени за граѓанските организации, како и унапредување и гарантирање на транспарентноста и отчетноста во планирањето и извршувањето на средствата.

Во однос на предлогот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри во делот на финансирање на граѓанските организации регистрирани по Закон за здруженија и фондации со средства што се остваруваат согласно Законот за игри на среќа, заради проширување на опфатот на граѓанските организации кои ќе се финансираат од приходите што се остваруваат од игрите на среќа, укажуваме дека има потреба да се направат дополнителни анализи и согледувања за можноста дел од овие приходи да се насочуваат за финансирање на граѓанските организации. Ова се предлага од причина што во услови на пандемијата со корона вирусот, мерките за спречување


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 522
www.finance.gov.mk

на ширењето на вирусот влијаат на намалување на економската активност на приредувачите на игри на среќа. Намалувањето на приходите на приредувачите на игри на среќа, директно влијае и на намалување на приходите во Буџетот на Република Северна Македонија.

Министерството за финансии исто така укажува дека во постапка е донесување на нов Закон за буџети со кој е предвидено менување на економската класификација според која се прикажуваат вкупните расходи и приходи на Буџетот на Република Северна Македонија, па според тоа не е прифатлив предлогот за менување на постојната. Истовремено, Министерството за финансии ќе настојува во Буџетот средствата кои ќе се одвојуваат за граѓанските организации да бидат планирани на соодветното расходно конто во насока на соодветно следење и контрола.

Со почит.

Министер за финансии
Dr. Fatmir Besimi

Изработил: Оливера Маркоска Ивановски
Проверил: Тоше Пановски
Согласен: Тања Трипунова

Проверил: Dr.Shiret Elezi
м-р Јулијана Петановска


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 522
www.finance.gov.mk